# НАРАТИВЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

# РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

# 2021 ГОДИНА

РЦЗ ДЕЛЧЕВО

Делчево, Февруари 2022

**За здружението**

Здружение на граѓани Регионален Центар за застапување-Делчево Здружението на граѓани Регионален Центар за застапување (РЦЗ) е формирано како резултат на трансформација на Центарот за поддршка на невладини организации-Делчево. Основано во октомври 2006, со седиште во Делчево. РЦЗ-Делчево е непрофитна, невладина и непартиска организација основана со слободно здружување на граѓаните претставници на НВО, претставници на бизнис секторот и претставници на локалната власт, со цел да се продолжи со основната функција која ја имаше ЦП НВО-Делчево, зајакнување на граѓанското општество.

**Мисија и визија**

Застапување и поддршка на НВО секторот за партиципирање во процесот на креирање на политики за ефективен развој на регионот што ги опфаќа општините Делчево, Пехчево, Берово, Македонска Каменица, Виница и Кочани. Мисијата на РЦЗ произлегува од потребата на организација во регионот која ќе дава поддршка за соработка и вмрежување на трите сектори во регионот за идеи и проекти, ќе ги застапува политиките и интересите на субјектите од регионот пред донатори и институции, ќе координира и информира за меѓугранична соработка, ќе едуцира и информира за Европската унија.

**Целни групи**

НВО од регионот, Единиците на локална самоуправа од регионот, граѓаните од регионот и од Република Македонија. Стратешки цели 1. Рурален развој 2. Млади 3. Унапредување на меѓугранична соработка 4. Едукација и информирање, овозможување на јавноста од регионот на едно место да најдат добро организирани извори на информации за Европската унија, нејзините институции, активности и политики, законски рамки, документи и публикации, програми и процес на донесување на одлуки.

**Програми на делување**

1. Граѓанско општество Делувањето на полето на граѓанско општество е продолжена мисија на ЦП НВО Делчево за зајакнење на капацитетите на НВО од регионот.

2. Меѓугранична соработка Програмата е резултат на големиот интерес за ЕУ фондовите и како добра можност за меѓународна соработка

3. Европска унија, наша иднина Програмата ќе ја задоволи потребата за информирање на популацијата од регионот за ЕУ и процесот на интеграција на Македонија во ЕУ, ЛИДЕР пристапот како и ИПАРД поддрша за заинтересираните страни.

**Клучни активности**

Пружање на НВО лепеза од услуги како: организирање обуки и тркалезни маси во различни области, човечки ресурси од организацијата и надворешни експерти, информирање за конкурси, комплетена техничка опрема (телефони, лаптопи, тв, фотоапарат, фото камера, паметна табла, опрема за презентации, канцелариски материјали), интернет, библиотека и дневен печат, превод, консултации и помош за изработка на проекти, активности за промоции на ЕУ фондови и други странски фондови.

**Организациона структура**

Управен одбор

Надзорен одбор

Оперативен тим

**Стратешки партнери**

НВО сектор од цела држава, локални самоуправи, амбасади, институции, мрежи, досегашни партнерства и сл.

**Инфраструктура**

РЦЗ-Делчево располага со сала за состаноци, мебел, библиотека и комплетна техничка и канцелариска опрема. Лоцирани сме во строгиот центар на градот.

**ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА**

1. **Проект: „Бизнис развој на млади преку социјално претприемништво“ - завршен**

**Донатор:** Амбасада на САД, Скопје

**Цели:** Целта на проектот е да се подигне јавната и институционалната свест за социјалното претприемништво, стимулирање на развојот на нови социјални производи, услуги, технологии и способности во источниот регион на земјата, што на долг рок ќе донесе повеќе приходи, раст на економијата и подобар животен стандард .

**Целни групи:** НВО, Локални институции, бизнис сектор, медиуми, Млади од Источна Македонија

**Активности:**

1.Кампања за социјално претприемништво - за подигање на свеста за социјалното претприемништвото и неговите придобивки меѓу целните групи и заедницата во регионот (околу 10.000 луѓе од Источниот регион).

2. Основање центар/младински хаб за социјално претприемништво - формирање центар за социјално претприемништво како место каде идеите, целите и имагинациите ќе создадат можности за раст и проширување за младителуѓе во градот.

3. Камп за социјално претприемништво (летен) -50 млади луѓе и чинители од Делчево ќе да можат да ги зајакнат своите капацитети за социјално претприемништво и да имаат практични вежби со експерт во областа.

4. Саем за социјално претприемништво / саем - еднодневен настан во Делчево каде младите ќе ги презентираат најдобрите социјални бизнис идеи развиени во Hub / Camp и нивните бизнис планови, активности, идеи и креативни решенија за привлекување на вниманието на претставниците на јавните власти, медиумите, и претставници на организации за поддршка на бизнисот.

**Фотографии:**






2. **Проект: „Одржливо управување со електронски отпад – сервис за поправка и правилно одлагање на ОЕЕО во микро регионот Пијанец-Малеш“ -тековен**

**Донатор:** УНДП

**Цел:** Промовирање на одржливо и совесно управување со ОЕЕО отпад и промоција на кружна економија

**Целни групи:**

**Активности:**

1. Кампања за поправка на материјали од ОЕЕО и промоција на проектните активности
2. Организирање на постор и опремување на простор со опрема за поправка на стара ИТ опрема, бела техника и мобилни телефони
3. Јакнење на капацитетите на претставници на граѓанскиот сектор и менторство и обука на шест млади заинтересирани за справување со ОЕЕО отпад
4. Промоција на резултатите

**Фотографии:** /

3. **Проект: „Наш град“ - тековен партнерски**

**Донатор:** Амбасада на САД во Скопје

**Цел:** Да се адресира отсуството на активно учество на граѓаните во урбаното планирање и конкретно уредувањето на јавните простори.

**Целни групи:** локално население, деца и младинци, родители, институции, граѓански организации.

**Активности:**

1. Организирање работилници со ученици
2. Состаноци со клучни чинители
3. Подготовка на промотивни материјали
4. Состаноци за застапување

**Фотографии:**




4. **Проект: Патоказ на еколоши практики во младинската работа во руралните области и урбаните предградија“- тековен партнерски**

**Донатор:** Еразмус + Програма

**Цел:** Унапредување на еко-вештините кај младите лица во трите држави

**Целни групи:** Млади од Делчево, Лисабон, Софија и заинтересирани страни

**Активности:**

1. Организирање транснационални состаноци
2. Организирање 4 работилници за еко практики
3. Настани за подигнување на јавната свест

4. Изработка на програма со клучните еко вештини кои им се потребни на младите и младинските организации за зачувување на животната средина

**Фотографии:**

 

5. **Проект: Зајакнување на локалниот економски развој и туризмот - завршен**

**Донатор:** Општина Делчево

**Целни групи:** локалното население

**Активности:**

1. Изработка на промотивно видео за Делчево
2. Изработка на електронска промотивна брошура за Делчево

**Фотографии:**

https://youtu.be/mbY8H__6R_U

https://issuu.com/regionaladvocacycenter/docs/_1_

- Паралелно со имплементацијата на овие проекти постојано функционираат Младинскиот Хаб во рамки на канцеларијата на РЦЗ во кој младите доаѓаат и заеднички развиваат идеи за социјално претприменииштво. На ист начин во канцеларијата функционира и Едукативен Центар за БЗР формиран во 2018 година кој дава информации, насоки и услуги на заинтересирани страни. Паралелно со

центарот опстојува и Мрежата на компании, институции и индивидуалци кои заеднички работат на унапредување и подобрување на безбедноста и здравјето на работните места.

РЦЗ континуирано работи на постојана поддршка и јакнење на капацитетите на своите целни групи преку различни активности кои не се дел од тековни проекти. Постојано информира за активни повици, ги насочува НВО од регионот, помага при воспоставување соработка со заинтересирани страни, партнер е на неколку интернационални проекти од Еразмус + програмата, насочува новоформирани граѓански организации во постапките за работа, споделува информации за важни случувања, помага во изработка на проектни концепти, лобира и застапува. На располагање на сите заинтересирани стојат не само човечките туку и техничките ресурси на организацијата. Во секое време е достапна нашата библиотека, техничка опрема, промотивни материјали и сала за состаноци. Нашите членови ги испраќаме на обуки и тренинзи во различни области во и надвор од државата.


*Контакт информаци:*

*www.rcz.delcevo.org.mk*

*rczdelcevo@gmail.com*

*+38971 373 193 / +38977 523 981*

*Ул. Маршал Тито 17, Делчево*